РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

Архивски знак:
Рок на чување: год.
13-07-2016 20 година
Потпис,

01.10.00.УП.001.03-ОБ.05.03

Врз основа на член 169 став 3 од Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ", број 27/15, 78/15, 192/15 и 27/16), член 49 став 2 и член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ", број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), Директорот на Царинска управа на Република Македонија донесе

## ОДЛУКА

### за поништување на постапката за доделување на договор за јавна набавка

Постапката за доделување на договор за јавна набавка – Обука за обезбедувачи, спроведена во хартиена форма со примена на електронска аукција, за која е објавен оглас број 15/2016, се поништува согласно член 169 став 1 алинеја 2 од Законот за јавни набавки.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на член 28 од Законот за јавни набавки, Директорот на Царинска управа на Р.Македонија донесе Одлука за јавна набавка - Обука за обезбедувачи, број 05-001882/16-0002 од 12.05. 2016 година .

Износот на средствата од 240.000,00 денари, вклучувајќи ги и трошоците за даноци и други јавни давачки, се планирани и обезбедени со Буџетот на Царинска управа на Р.Македонија за 2016 година, раздел 09003 – Царинска управа, сметка 787, програма 20, ставка 425 .

Согласно член 37 и член 100 од Законот за јавни набавки, набавката се спроведе во хартиена форма која завршува со примена на електронска аукција, со објавување на оглас во ЕСЈН број 15/2016, но без примена на електронска аукција бидејќи не е поднесена ниту една понуда .

Комисијата за јавни набавки изготви и до Директорот достави Извештај од спроведена постапка број 05-001882/16-0009 од 07.07. 2016 година, со кој предлага поништување на предметната јавна набавка согласно член 169 став 1 алинеја 2 од Законот за јавни набавки бидејќи не е поднесена ниту една понуда.

Имајќи го во предвид горенаведеното, а по оцена на сите факти и докази приложени кон списите на предметот, а особено предлогот на Комисијата за јавни набавки, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Упатство за правно средство:

Согласно член 200, член 207, член 214 и член 216 став 2 од Законот за јавни набавки, економскиот оператор има право да поднесе Жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Жалбата се поднесува лично или по препорачана пошта истовремено до договорниот орган и до Државната комисија, во рок од 3 (три) дена од денот на прием на известувањето.

Директор,
Наташа Радеска - Крстевска

Бр. 05-001882/16-0010
Скопје, 13-07-2016

Доставено во оригинал до:
- Претседател на комисијата за јавни набавки
- Архива

Доставено преку ЕДМС до:
- Одделение за јавни набавки,
- Комисија за јавни набавки

Изработил: Билјана Ристовска
Одобрил: Весна Змајшек
По овластување број 04-048502/16-0002
од 11.07.2016 година согласен: Зоран Петковски